Д-р Ристо КАРТАЛОВ

# ПРОМЕНИ ВО НАЧИНОТ НА ЖИВЕЕЊЕ НА СЕЛСКОТО НАСЕЛЕНИЕ ВО СР МАКЕДОНИЈА

Во повоениот социјалистички развиток на селото и земјоделството кај нас, најтемелни промени се случија во поглед на изградбата на нови станбени и стопански згради, во поглед на опременоста на селското домаќинство со трајни потрошни добра, во промените на структурата и обемот на личната потрошувачка, т.е. се она што се нарекува видлива и материјална манифестација на промените во начинот на живеење на село.

Од нашето село денес постепено исчезнуваат зградите од кал и набој, станбените згради со земјен пад, со мали прозорци во кои едвам продира светлост, згради покриени со слама — кровињарите и визбите, отворените огништа, ламбите на гас итн. кои условуваа лоши животни и работни услови. Место нив по примерот на градот доаѓаат нови станбени згради од цврст материјал, опремени со сите придружни инсталации, селските домаќинства сè повеќе се опремаат со трајни потрошни добра, сè поевидентна е промената во структурата на личната потрошувачка а сето тоа укажува дека со развојот на материјалната основа на селото се менува о неговата секојдневна физиономија, внатрешната организација на животот на домаќинството, стандардот на населението и воопшто начинот на живеење.

Со менувањето на квалитетот и конфорот на станбените згради, домот и домувањето, со нивното осовременување и опремање со современи инсталации (електрика, водовод, канализација итн.) со нивното опремање со трајни потрошни добра, со подигањето на личната потрошувачка и воопшто стандардот, како да одминуваат атрибутите на едно минато време и начин на живеење — селки, кои го карактеризираа заостанатост, мрак и сиромаштија.

## 1. Промени во станбената и стопанската изградба на селските домаќинства

Во анализата на ова суштествено прашање од животот и работата на селското население накратко ќе се осврнеме на промените во површината, квалитетот на материјалот во станбената изградба, опре

меноста, времето на градба и слично, за да укажеме на значајните промени кои се случуваат во тој сегемнт од селскиот жиот.[1]

По ослободувањето, паралелно со целокупниот општествено-економски развој, се подобрија и условите за живеење и работа на населението на индивидуалните стопанства. Во голем број села, подигнати се нови стопански и станбени згради, опремени со современи уреди: електрична струја, водовод и слично. Исто така се изградени некои инфра-структурни објекти во селото, што му овозможува, на населението од индиидуалните стопанства нови перспективи заразвој и напредок.

Изградбата на станбените и стопанските згради[2] се најзначаен фактор за стандардот на индивидуалното сопанство. Според намената и потребите што тие го задоволуваат, спаѓаат во ред на најелемнтарните показатели за стандардот, а според обемот на вложените средства, тие спаѓаат во редот на најзначителните вложувања на селските домаќинства, било да се работи за стопанството или домаќинството. Поради тоа, тие на некој начин ги определуваат и останатите елементи и вложувања во стандардот на домаќинството и производната активност на стопанството.

Во СР Македонија во голем број села во тек е процеост на изградба на современи згради за домување со сите најсовремеи уреди.

Табела 1 Станбени згради од камен и тули на индивидуалните стопанства според годините на подигањето

| Подрачје | Згради за домување од камен и тула | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | до 1900 | 1900—1940 | 1941—1945 | 1946—1955 | 1956 1965 | 1966—1969 |
| Макед | 38 810 | 14,53 | 8 237 | 1 300 | 7 469 | 13 469 | 6 885 |
| | 100,0 | 3,8 | 21,2 | 3,4 | 19,2 | 34,7 | 17,7 |
| Словенија | 30 332 | 9 451 | 8 951 | 542 | 4 635 | 4 233 | 2 522 |
| | 100,0 | 31,2 | 29,5 | 1,8 | 15,3 | 13,9 | 8,3 |
| Косово | 9 922 | 447 | 1 441 | 213 | 1 856 | 3 260 | 2 707 |
| | 100,0 | 4,5 | 14,5 | 2,2 | 18,7 | 32,8 | 27,3 |
| СФРЈ | 444 123 | 43 119 | 106 743 | 9 500 | 68,520 | 128,520 | 87 626 |
| | 100,0 | 9,7 | 24,0 | 2,2 | 15,4 | 30,0 | 19,7 |

Извор: Статистички билтен 620, „Попис пољопривредних газдинстава 1969" СЗС, Београд 1972 год

[1] До неодамна, овој аспект на аграрната структура кај нас беше недоволно проучен и не му се посветуваше доволно внимание Во поново време се јавуваат значајни трудови и за ова прашање Секако, најзначајно место и припаѓа на неодамна објавената книга на проф д-р Петар Марковић „Развој сеоске инфраструктуре у Југославији", Економика, Ниш, 1977

[2] Податоците од пописните на земјоделството од 1960 и 1969 година се единствените извори кои даваат нешто повеќе информации за овој проблем

Податоците укажуваат. дека процесот на станбената изградба кај недоволно развиените подрачја се одвива главно по ослободувањето. Од друга страна таа кај поразвиените подрачја е извршена многу порано односно по 1900 година па до 1945 година.

Периодот на интензивната станбена изградба. за Републиката. за Косово и земјата во просек се совпаѓа со временскиот период од 1956 до 1965 година. За Словенија. меѓутоа таа фаза се случи многу порано. Таму каде што станбената и сопанската изгадба е извршена во поранешните временски периоди позначителен дел од паричните давачки се одделуваат за опрема на домаќинството.

Во СР Македонија постојат извесен број индивидуални стопанства со лоши услови за живеење и работа. Голем број згади на индивидуалните стопанства според нивната намена (40,2%) се со мешана употреба. Тоа се згради во кои истовремено се живее — чува добиток — или се обавува некоја друга стопанска активност во рамките на селското домаќинство.

Табела 2 Згради на индивидуалните стопанства според нивната намена во 1969 год.

| Големина на стопанствата во ха | Вкупен број на сите згради | Структура на зградите по намена, вкупно = 100 | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | само за домување | само за крупен добиток | само за ситен добиток | само за други намени | за мешана упот. | Вкупно |
| До 0,5 | 57 781 | 47,7 | 10,7 | 3,6 | 14,2 | 23,8 | 100,0 |
| 0,5—1 | 35 101 | 24,7 | 16,7 | 3,3 | 13,6 | 41,7 | 100.0 |
| 1—1 | 114 065 | 11,2 | 19,3 | 7,0 | 16,6 | 45,9 | 100,0 |
| 5—5 | 63 001 | 8,2 | 19.8 | 10,0 | 19.6 | 42,4 | 100.00 |
| 5—8 | 39 669 | 5,6 | 18.8 | 11.8 | 22,1 | 41.7 | 100.0 |
| Преку 8 | 20.752 | 6,2 | 16.2 | 14,5 | 20.9 | 42.2 | 100, |
| Вкупно: | 329 189 | 17,4 | 17,3 | 7,4 | 17,4 | 40,2 | 100 0 |

Извор: Статистички билтен 720, „Попис пољопривредних газдинстава 1969 год.", СЗС, Београд 1972 год.

Зависно од големината на земјишниот посед на стопанствата постои извесна тенденција и во намената на вкуните згради на стопанствата. Карактеристично е што, помалите стопанства. до 0.5 ха. имаат значително помало учество на зградите за мешана употреба (23,8%). Во оваа група мали стопанства. кои предимно. ја сочинуваат мешаните домаќинства, многу позначително од просекот се застапени и зградите само за домување.

Кај останатите групи стопанства според големината на земјишниот посед. постои тенденција, со наголмеувањето на земјишниот посед од една до друга група стопанства. да се намалува релаивното учество на зградите наменети само за домување, а да се наголемува учтесвтото на зградите за други и мешани намени.

Површината на станбените згради на индивидуалните стопанства и покрај видно подобрување во однос на поранешната состојба, сè уште заостанува во однос на поразвените подрачја во земјата.

Табела 3. Станбена површина на индиидуалните стопнства според големината на земјишниот посед

| Големина на стопанствата во ха | Вкупно површини на зградите за домување во м² | | | Површина во м² на еден жител | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1960 | 1969 | Индекс 1960=100 | 1960 | 1969 | Индекс 1960=100 |
| До 0,5 | 719.290 | 1.559.145 | 216,8 | 7,0 | 8,5 | 120,4 |
| 0,5—1 | 552.771 | 904.554 | 163,6 | 7,1 | 8,3 | 116,9 |
| 1—3 | 1.920.212 | 2.470.090 | 128,6 | 6,7 | 8,0 | 119,0 |
| 3—5 | 1.321.485 | 1.198.996 | 90,7 | 6,5 | 7,8 | 120,0 |
| 5—8 | 1.013.906 | 714.617 | 70,5 | 6,4 | 7,7 | 120,0 |
| Преку 8 | 757.657 | 412.387 | 54,4 | 6,5 | 7,7 | 118,4 |
| Вкупно: | 6.285.421 | 7.259.789 | 115,5 | 6,6 | 8,1 | 122,7 |

Извор: Статистички прегле 18, „Според пописите на земјоделството од 1960 и 1969 год.“, РЗС, Скопје, 1971 год.

Во временскиот период од 1960 до 1969 година, вкупната станбена површина на индивидуалните стопанства е наголемена за околу 15,5%. Истовремено според структурата на земјишниот посед дојде до извесни структурни поместувања кај поодделни групи стопанства. Особено дојде до интензивно покачување на станбената површина кај помалите стопанства (стопанствата до 0,5 ха ја наголемија површината за двапати, стопанствата со големина од 0,5—1 ха за 63,6% и тн.). Кај крупните стопанства дојде, меѓутоа, до намалување на станбената површина. Стопанствата со големина над 8 ха, ја намлија површината за 45,6%, стопанствата со големина на поседот од 5 до 8 ха ја намалија за 29,5% итн.

Просечната станбена површина по жител на индивидуалните стопанства во временскиот период од 1960 до 1969 година, бележи наголемување за 22,7%. Таа од 6,6 м² во 1960 год. е покачена на 8,1 м² во 1969 година.[3] Сепак, во интензитетот на покачувањето на станбената површина по жител кај одделни групи стопанства нема позначителни разлики.

Судејќи според динамиката на покачување на станбената површина по жител и просечната станбена површина кај градското на-

[3] Не располагаме со податоци за станбената површина по жител на индивидуалните стопанства во 1969 година во просек за СФРЈ. Со оглед на фактот, дека таа уште во 1960 година изнесуваше 8,5 мј по член, очигледно е дека стопанствата од СР Македонија и во 1969 година, не го достигнаа нивото од просекот за земјата од 1960 година.

селение,[4] во просек кај индивидуалните стопанства на СР Македонија сè уште е во тек процесот на конституирање и надополнување на основниот станбен фонд. Во тие прилики како што споменавме најголемиот дел на паричните давачки за домаќинството, отпаѓа на станбената изградба.[5] Во оние реони, пак, каде што процесот на конституирање на станбениот фонд пред тоа е завршен, сега најголемиот дел на давачките за домаќинството итпаѓа на набавки на современи уреди и опремање на станот и домаќинството.

Површините на сопанските згради за ситен и крупен добиток, на индиводуалните стопанства во временскиот период од 1960 до 1969 година се наголемени за 10К. Според големината на земјишниот посед, помалите земјоделски стопанства поинтензивно се опремаат со стопански згради за разлика од покрупните, кај кои дојде до намалување на фондот на стопанските згради. Меѓутоа, кога површината на стопанските згради се сведе по едно стопанство, јасно се гледа, дека помалите стопанства, во просек значително се послабо опремени со овој вид стопански простор, за разлик од покрупните. Исто така и динамиката со која се остваруваат промените, укажува на позначителниот стопански интерес на покрупните стопанства за овој вид стопанско опремување.

Табела 4. Површини на стопанските згради за крупен и ситен добиток на индивидуалните стопанства според големината на земјишниот посед
во м²

| Големина на стопанствата во ха | Вкупна површина на стопанските згради за крупен и ситен добит. | | | Просечна површина по стопанството | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1960 | 1969 | Индекс 1960=100 | 1960 | 1969 | Индекс 1060=100 |
| До 0,5 | 146.943 | 276.656 | 188,2 | 6,5 | 7,1 | 109,2 |
| 0,5—1 | 193.232 | 321.140 | 166,2 | 11,9 | 14,8 | 124,4 |
| 1—3 | 982.461 | 1261.017 | 128,3 | 19,3 | 23,1 | 119,7 |
| 3—5 | 768.843 | 777.483 | 101,2 | 25,0 | 31,9 | 127,6 |
| 5—8 | 630.945 | 541·503 | 85,8 | 29,1 | 38,6 | 132,6 |
| Преку 8 | 494.239 | 363·182 | 73,4 | 33,9 | 47,0 | 138,6 |
| Вкупно: | 3.215.863 | 3540.981 | 110,1 | 10,5 | 22,0 | 107,3 |

Извор: Статистички преглед 18, „Според пописите на земјоделството од 1960 и 1969 год." РЗС, Скопје 1971 год.

[4] Во просек за Републиката во 1971 година едно домаќинство имаше 50,8 м², а еден член (жител) 10,2 м² станбена површина. Во исто време, градските домаќинства имаа 48,8 м² просечно за едно домаќинство, и 11,6 м² по еден член. Стенбената површина во СФРЈ, а помала по едно домаќинство, но значително поголема по еден член (жител). Извор: Статистички билтен 780, „Попис становништва и станова 1971", Станбени фонд, СЗС, Београд, 1973 год. д

[5] Во 1975 година во СРМ, вложувањето во станбени згради на селските домаќинства изнесуваше 7,7% од вкупните парични давачки на селското домаќинство.

Овие развојни тенденции се сосема разбирливи, бидејќи со наголемувањето на површините на стопанството расте учеството на површините под ливади и пасишта, односно фуражната база на сточарството. Според тоа, бидејќи тие имаат значително повеќе површини како основа за фуражната база на сточавстрого, тие покажуваат позначителна стопанска активност за овој вид стопански простор.

Станбената и стопанската изградба на село во СР Македонија, ја следат и некои општи елементи на стандардот на индивидуалните стопанства како што се: електрификацијата на индивидуалите стопан ства, подобрување на снабденоста со вода во домаќинството, оштото полигање на хигиенските и животните услови за живот и работа на члеовите на индивидуалните стопанства итн.

Електрификацијата на селските домаќинства во денешни услови, претставува составен дел на станбената изградба — инвестициите што ги вложуваа селските домаќинства во својот стандард.

Македонското село во минатото во поглед на својата електрифицираност, беше во мошне тешка положба. Во 1940 година, само околу 2% од селските домаќинства имаа електрично осветление. По ослободувањето, процесот на електрификацијата напредуваше со голем интензитет, така што во 1960 година беше елкетрифицирано секое второ индивидуално стопанство, а во 1960 година нивниот број се наголеми на 83% од вкупниот број стопанства. Од 1969 година до десенс (1978 год.), се електрифицирани, речиси, сите индивидуални стопанства.

Електричното осветлнеие, од темел го менува начинот на живеење на селското домаќинство. Смената на „мракот" со вечната „светлост" претстаува пресвртница во понатамошниот живот на индивидуалното стопанство. Со електрчното осветление се воведуваат нови електрични уреди во домаќинството, од една страна, а до друга ,струјата може да се искористи како погонска сила за гоем број работни зафати во рамките на стопанството.

Постојат извесни разлики во електрифицираоста на индивидуалните стопанства, зависно од големината на нивниот посед.

Табела 5 Број на еектрифицирани индивидуални стопанства

| Големина на стопанствата во ха | Број електрифицирани стопанства | | | Број електрицирани на 100 стопанства | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1960 | 1969 | Индекс 1060=100 | 1960 | 1969 | Индекс 1960=100 |
| До 0,5 | 15 976 | 35 269 | 220,8 | 71 | 91 | 128,2 |
| 0,5—1 | 9 338 | 18 737 | 200,7 | 58 | 87 | 150,0 |
| 1—3 | 24 494 | 46 190 | 188,6 | 48 | 85 | 177,1 |
| 3—5 | 13 295 | 19 510 | 146 7 | 43 | 80 | 186,0 |
| 5—8 | 7 794 | 9 936 | 127,5 | 36 | 71 | 197,2 |
| Преку 8 | 3 825 | 4 050 | 105,9 | 26 | 52 | 200,0 |
| Вкупно: | 74 722 | 133 692 | 178,9 | 48 | 83 | 172,9 |

Извор: Статистички преглед 18, „Според пописите на земјоделството во 1960 и 1969 год" РЗС, Скопје, 1971 год

Податоите укажуваат дека, стопанствата со помал земјиштен посед се во поголема мера електрифиицирани, за разлика од покрупните. Оваа карактеристична тенденција доаѓа од фактот, дека помалите стопанства имаат поголем број постојано вработени, надвор од стопанството. Всушност, постојаната вработенотс на членоите, надвор од стопанството претставува агенс за осовременување на животот на индивидуалното стопанство, по примерот на гадскиот начин на живеење.

Интензитетот на електрифицирањето на индивидуалните стопанства, односно движењата на индексите, укажуваат на фактот дека процесот на електрифиицирање со силен интензитет е присутен и кај покрупните индивидуални стопанства.

Еден од поважните елеемнти на општиот стандард на индивидуалното стопанство претставува и неговата снабденост со вода. Иако податоците што подолу ќе ги презнетираме, се однесуваат само на водата за стопански потреби, тие, сепак, укажуваат и на општата снабденост на домаќинствата со вода како битен животен услов и елемент на општиот стандард.

Табела 6. Снабденост на индивидуалите стопанства со вода за стопански потреби во 1969 год

вкупно = 100

| Големината на стопанство во ха | Од јавен водовод | Од куќен водовод | Од бубар во двор | Од бунар надвор од доворт | Од извор, река и друго |
|---|---|---|---|---|---|
| До 0,5 | 43,7 | 6,1 | 17,5 | 11,7 | 21,0 |
| 0,5—1 | 34,6 | 4,5 | 21,4 | 13,8 | 25,7 |
| 1—3 | 22,4 | 2,6 | 27,8 | 17,1 | 30,1 |
| 3—5 | 14,7 | 1,5 | 30,6 | 20,4 | 32,8 |
| 5—8 | 10,7 | 1,4 | 27,1 | 21,4 | 39,4 |
| Преку 8 | 6,8 | 2,0 | 17,2 | 20,4 | 4366 |
| Вкупно: | 26,2 | 3,4 | 24,3 | 16,4 | 29,7 |

Извор: Статистички преглед 12, РЗС, „Попис на земјоделството 1969, год" Скопје, 1970 год

Евиднетно е дека еден значителен дел на индивидуалните стопанства (46,1%) се снабдуваат за своите стопански потреби со вода или од неквалитетен извор или на несоодветен начин, однсо од извор, река и слично, или од буар надвор од дворот. Од друга страна, просечното релативно учество на индивидуалните стопанства снабдени со вода на соодветен начин — куќен водовод, изнесува 3,4% што е сосема малку.

Снабденоста на стопансвтото со вода за стопанските потреби, според големината на земјишниот посед, покажува тенденција на поголема застапеност на помалите стонапства кај поквалитетните извори.

и начини на снабденост, и обратно, кај покрупните стопанства според големината на земјиниот посед, повеќе се засатпени понеквалитетните извори на снабденост со вода. Објаснувањето на оваа развојна тенденција секако е содржана во структурата на вработените членови надвор од стопанството — мешаните домаќинства.

Анализираните податоци укажуваат на една значиелна станбена и стопанска активност на индивидуалните стопанства во Македонија. Сепак, за да се добие потполна слика на споменатите процеси треба да се има предвид следното:

Прво, сета таа огромна активност околу подобрувањето на услвите за живот и работа на село и индивидуалните стопанства се одвиваше главно како индивидуална активност на самите селски домаќинства. И покрај активноста на општествено-политичките организации и месните заедници во решавањето на некои поопшти елементи на стандардот на селото (електрифициранос, спрведување на водовд, и слично), не може да се зборува за некоја плански насочена и организирана активност.

Второ, незначително мал број села имаат свои урбанистички планови. Урбанистичкото планирање кај нас, сè уште не прераснало во просторно планирање, кое ќе смета на целокупната употреба на локалниот, регионалниот и националниот постор, и кое ќе ги има предвид и селските населби, односно руралниот простор.

Организацијата на стопанскиот и станбениот простор на селските домаќинства сè уште се одвива според потребите и продуктивноста на трудот на традиционалното ситно-сопственичко земјоделство. Таквата ороентација воошпто не ја претпочита современата оргнизација и новата поделба на трудот. Органозацијатат на руралниот простор се одвива архаично, и не е се води доволно сметка за оптималната локација на побитните институции во селото и хуманизацијата на животниот простор.

## 2. Општи елементи на урбанизацијата на селските населби

Иако се постигнати значителни успеси во поглед на урбанизацијата на селските населби во Македонија, сепак тие значително заостануваат и зад вкупниот развој и урбанизацијата на гадот.[7]

Треба посебно да се нагласи дека во поседно време многу се по лага на општите услови за живот и работа во селските населби. Во таа смисла се градат современи автопатишта, кои ги поврзуваат селата со

[6] М-р Ристо Карталов: Спротивностите помеѓу градот и селото во сцоијализмот, стр 188, II зборник на трудови на Школата на млади максисти „Стив Наумовски — Мите Богоевски“, Студентски збор, Скопје, 1975 год

[7] Податоците во ова поглавје се според научноистражувачкиот проект: „Социјалистичката самоуправна трансформација во СР Македонија, кој го реализираше Институтот за социолошки и политичко-прани истражувања во Скопје во текот на 1977 и 1978 година

градовите и општинските центри. Денес во Републиката се уште голем број села не се поврзани со најблиските градови со современи патишта. Од вкупниот број села, 36,4% до општинските центри се поврзаи со земјен и необликуван пат, 11% на селата со коњска патека, а од друга страна само 25% од селата се поврзани со општинските центри — градовите, со современи патишта од асфалт и коцка, и 18,9% на селата со патишта од земја, асфалт, макадам и др. Ова е дотолку позначајно што сообраќајниците во современите услови претставуваат крвоток, на секаков општествен развој, односно основа за секоја натамошна урбанизација. Развиеноста на солбраќајната мрежа укажува на можностите за комуникација на селото со градот и можностите за интеграција на целокупниот национален простор.

Развиеноста на квалитатната патна мрежа, заедно со останатите фактори влијае и врз развиеноста на локалните сообраќајни врски меѓу селото и градот — општинските центри. Во постојните услови, само 38% од селските населби се поврзани со општинските центри со секојдневни автобуски линии. Неразвиеноста на патната мрежа и сообраќајните врски меѓу селото и градот, преставува еден од факторите за појавата на населби — диоградби во градовите што предизвикуваат бројни социјални и други проблеми.

Со електрифиакцијата на селата во Републиката се постигнати значителни резултати. Денес се електрифицирани околу 83% од селата, на спрема 2% пред Втората светска војна. Иако се тоа крупни резултати, сепак, имајќи го предвид севкупното значење на струјата во современиот живот и стопанството, неопходно е во индина да се направат поенергични зафати на планот на целосното електрифицирање на сите села.

Во елементарната урбанизација на селото секако спаѓа и изградбата на водоводна мрежа за вода за пиење. За сега, од вкупниот број села, само 32% го решиле овој, во наши услови сложен проблем, а инаку толку елементарен и важен услов за живот.

Просторното урбанистичко планирање кај нас, предимно му е наменето на граот. Тоа како теорија и практика досега како да не сметаше на поширокиот рурален простор. Сосема е незнатен бројот на селските населби кои имаат урбанистички планови за развој. Просторно селата и натаму се обликуваат стихијно и без план. Со тоа се губи можноста да се влијае врз рационалното и хумано обликување на селата. Селските улици по правило се неплански, искривени и нехигиенски. Често патн тие не се во состојба да одговорат на современите потреби. Продорот на современи средства за производство, нарснатата општествена поделба на трудот, сестраните средства за широка потрошувачка итн. сè повеќе се судрува со архаичниот развој на селата. Нивното урбаниизрање се поставува како итна потреба. За тоа зборува и податокот што кај 86 8% од вкупниот број на слата селските улици

се со обична земја. Таквите улици во дождливите периоди се каливи и непреодни. Од друга страна само 2,1% од селата имаат асфалтирани или поплочени а 11,1% од селата истовремено, улици и од змеја, асфалт, плочи итн.

Станбената изградба во низа селски населби, претставува еден од највидливите белези на урбанизацијата на селото. Во тој поглед е направен значителен напредок. На село се наоѓа 46,8% од станбениот фонд на Републиката. Просечно по едно селско домаќинство доаѓа по 53,5 м², а во просек за Републиката 50,8 м². Меѓутоа поради поголемиот број на членови кај селските домаќинства, просечно по еден член станбената површина изнесува 9,7 м², на спрема 11,5 м² во просек за Македонија.

Станбената површна во својата елементарност на село не преставува посебен проблем. Нешто поакутна е секако непланската и нерационалата градба, која помалку или повеќе е препуштена на индивидуалната иницијатива. Значителен проблем преставува карактерот на станбените објекти, нивната опременост со нужни санитарни уреди итн. Отворените огништа, кои некогаш се земаа како најлош индикатор во тој поглед, денес речиси нестанаа од нашето село. Па сепак, кај еден значителен број селски домаќинства (40,2%), станбената зграда се користи за повеќе намени. Во исто време во неа се живее, се чува добиток или се обавува некоја стопанска активност во рамките на домаќинството.

Покрај посочените показатели за урбанизацијата на селото во Македонија, некои дополнителни показатели за селските институции, нивната застапеност на село, оддаваат незадржлив впечаток на нивна урбанизираност. Така на пример: од вкупниат број села, само 6% имаат библиотеки или читални, 5% имаат кино сали, 37% имаат здравствени станици или пунктови, 50% од селата немаат трговски продавнци, само 17 села имаат ПТТ врски, во 21,6% од селата немат основно четиригодишно училиште итн.

Процесите на деаграризацијата и миграциите на селското население во урбаните населби, укажуваат дека за една нова општествена и економска рамнотежа на селото, заостанатото индивидуално земјоделство не е доволно- Развојот на секундарниот и терцијарниот сектор во селските средини овозможуваат посестран развој и урбанизација на селото. Дисперзијата на извесни мали производни капацитети на индустријата и останатите дејности, ги преобразува затекнатите семејни структури, овозможува разноврсност на општествете односи, го продлабочува целокупниот социјален систем и ширење на урбаниот начин на живеење. Во исто време организациите на здржуен труд на село, претставуваат ембриони на развојот на општествената сопственост на село и социјалистичкиот самоуправен систем во селската средина.

Најголемо економско значење за селската населба имаат организациите на здружен труд од областа на земјоделството. Тие на сел ските населби им даваат голема можност, пред сè, во искористувањето на природните ресурси — земјата, добитокот, водата итн. Овие орга-

низации на здружен труд во селото, со своите административни и управни згради вршат влијание и на неговиот урбанистички изглед.

Посебни влијанија на урбанизацијата на селото имаат малите индустриски капацитети кои во целина го менуваат социјалниот живот во селото.

Во Републиката денес постојат во 18 7% од вкупниот број на селата, основни организации на здружен труд, кои преставуваат силни двигатели на урбанизацијата на селото. Селските населби, во кои се лоцирани основни организации на здружен труд, постепено прераснуваат во своевидни рурални центри во кои продираат градските обрасци на ондесување и форми на живот.

### 3. Личната потрошувачка и стандардот на селското население

Видовме дека доходот наменет за домаќинството при распределбата постојано се наголемува. Тоа учество на доходот, наменето за домаќинството, се зголемува со развојот на стопанството и вкупниот доход на селото. Во традиционалното село, каде што доминираше автархичноста и натуралноста на производството, домаќинството ги задоволуваше речиси сите потреби во рамките на стопанството и домаќинство. то. Со распаѓањето на натуралноста на стопанствата, целосно се менува и односот на домаќинствата кон опременоста на станот, стандардот, начинот на потрошувачката и општите животни и работни услови Бројните потрошни добра и опремата што му е неопходна на селското домаќинство се набавува на пазар, а тоа го присилува индивидуалното стопанство да ја зголемува пазарноста на производството.

Опременоста на слеските домаќинства, во Македонија со стоки за широка потрошувачка набавени на пазар, незапирливо се наголемува, иако тие, наспроти градските домаќинства во Републиката или селските домаќинства во земјата, покажуваат виливи знаци на заостанување.

Постојат значителни разлики во опременоста на домаќинствата кај одделни социјални категории домаќинства. Мешаните во однос на земјоделските домаќинства се значително подобро опремени со трајни потрошни добра.

Податоците укажуваат дека секое трето селско домаќинство има електричен или шпорет на гас, а кај мешаните тоа е секое второ. Фрижидер и телевизор има секое трето додека останатите потрошни добра се недоволно застапени кај селските домаќинства. Тоа посебно се однесува за опременоста со бојлер, машина за перење на облека, патичнки автомобил итн.[8]

---

[8] Истата година во просек за земјата, селските домаќинства поседуваа 48,5% електричен или плински шпорет и 42,3% фриживер, 21,3% машина за перење на облека, 47,2% собен комплет мебел итн Во СР Словенија тие поседуваа: 66,8% електричен или плински шпорет, 30% бојелр, 75% фрижидер, 56,8% телевизор, 73,5% машина за перење облека, 80,5% собен комплет мебел 29,5% автомобил итн

Табела 7 Опременост на домаќинствата со трајни порошти добра во 1975 година
— процент на домаќинствата што ја поседуваат стоката —

| Потрошна стока | Анкетирани селски до,аќинства | | |
|---|---|---|---|
| | вкупно | земјоделски | мешани |
| Електричен и плински шпорет | 36,7 | 18,4 | 52,2 |
| Бојлер | 7,7 | 1,8 | 12,8 |
| Фрижидер | 32,7 | 18,4 | 44,8 |
| Радио апарат и транзистор | 79,0 | 74,6 | 82,8 |
| Телевизор | 31,0 | 16,7 | 43,4 |
| Машина за перење на облека | 4,4 | 1,8 | 6,7 |
| Собен комплет мебел | 22,2 | 11,4 | 31,3 |
| Патнички автомобил | 9,7 | 3,5 | 14,9 |

Извор: Статист билтеб 976, СЗС, „Анкета о сеоским домаћинствима 1975".

Со наголемувањето на пазарноста на земјоделското производство и вкупниот доход на домаќинството се зголемува и вредноста на средствата наменети за лична потрошувачка. Секако со нивното наголемување, притоа се менува и нивната структура. Најзначајни промени во структурата на вредноста на личсната потрошувачка кај селските домаќинства се остварени со изменетото учество на давачките за храна и пијалок.

Табела 8 Вредност на личната потрошувачка
— просек по анкетирање селско домаќиснтво —

| Година | Вредност на личната потрошув. во дин | Структур на вредноста на лич. потр. (вкупно = 100) | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | храна и пијал. | тутун | облека и обувки | стан и огр | покуќ нина | хиг и здр. | обра култ и разон. | други лични давачки |
| 1965 | 5 854 | 60,8 | 2,1 | 12,5 | 10,8 | 5,8 | 2,3 | 2,1 | 3,6 |
| 1970 | 10 141 | 53,5 | 2,4 | 13,3 | 10,0 | 6,6 | 3,6 | 2,3 | 8,2 |
| 1975 | 34 757 | 49,7 | 2,4 | 1е,2 | 8,0 | 8,1 | 3,4 | 3,0 | 12,1 |

Извор: Статистички билтен 976 СЗС „Анкета о соеским домаћинствима 1975"

Сепак и денес селските докинства трошат половина од средствата за лична потрошувачка за храна, а од останатата половина ги подмируваат останатите лични потреби.[9] Познато е дека со наголемув-

[9] Во 1975 година во структурата на трошоците за живот на едно четворочлено работничко семејство во СР Македонија (3 647 дин ) учествуваа: трошоците за исхрана 39,6% тутун и појалоци 5,4, облека и обувки 12,2%, стан и огрев 11,7%, покунина 6,7%, хигиена 2,9%, култура и разоноа 7,1% и други лични трошоци 14,3% — СГ СРМ/76, стр 222

вањето на вредноста на вкупниот доход и личната потрошувачка, опаѓа релативното учество на средствата наменети за исхрана, па се очекува тие натаму да опаѓаат кај селските домаќинства.

Останатите ставки од личната потрошувачка го задржале непроменето своето учество. Освен трошоците за покуќнина, хигиена, сосема незнатно се зголемиле трошоците за образование и култура и на крајот другите трошоци за лична потрошувачка.

Бидејќи трошоците за исхрана заземаат значително место во структурата на личната потрошувачка, а и квалитетот на исхраната на населението е значајно прашање од стандардот на населението, накратко би се осврнале на натуралната и калоричната структура на исхраната и селското население.

Проблемот на гладот на селското население, којшто беше толку актуелен во предвоена Југославија, денес веќе не постои. Постои, меѓутоа, проблемот на преобилна и структурно неускладена исхрана на населението. Сè уште е голема потрошувачката на житата и производите од брашно (иако тоа видно се намалува), а недоволна е потрошувачката на месо, риба и месни преработки. Меѓутоа, значително се наголемува, потрошувачката по член на овошје, млеко, млечни преработки и јајца, што значи квалитативно подобрување на исхраната на селското население.

Табела 9 Годишна потрошувачка на продукти по член, во кгр

| Година | Жита, браш. и произв. од раш. | Свеж и преpаб. зеленчук | Свежо прераб. на овошје | Свеж и прер. на риба и месо | Масноти | Млеко во литри | Млеч. производи | Јајца ком. | Шеќер и мед |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1960 | 205 | 81,0 | 13 | 13,0 | 8,0 | 19,0 | 2,6 | 51 | 5 |
| 1975 | 181,5 | 80,5 | 4,66 | 23,0 | 13,4 | 42,4 | 6,2 | 83,4 | 10,7 |
| Индекс 75 | | | | | | | | | |
| 1960 100 | 88,5 | 99,4 | 358,5 | 176,9 | 167,5 | 223,2 | 236,6 | 163,5 | 214,0 |

Извор: Статистички Билтен 976 353, СЗС, „Анкета о сеоским домаќинствима“

Постојат значителни разлики во поглед на исхраната на селското население според одделни категории селско домаќинство и региони во земјата.

Потрошувачката на одделни прехранбени артикли, изразена по едно домаќинство, укажува на фактот дека селското домаќинство преставува сè уште значајна потрошувачка заедница. Особено тоа се одне-

сува на прозиводите од растително потекло односно житата.[10] Зголемената потрошувачка на овие поевтини производи, делумно доаѓа и од поголемиот број членови на селските домаќинства, но исто така и поради пониското доход односно, пониската куповна побарувачка. Селските домаќинства во Републиката според застапеноста на одделни артикли имаат и понеквалитетна исхрана, за разлика од селските домаќинства во поразвиените републики и во просек за СФРЈ.[11]

Табела 10 Потрошувачка на продукти за исхрана во 1975 — просек по анкетирано домаќинство во илј.

| Производ | Анкетирани селски домаќинства | | |
|---|---|---|---|
| | вкупно | земјоделски | мешани |
| Пшенично брашно и грав | 849 | 877 | 842 |
| Компир | 108 | 97 | 118 |
| Грав | 48 | 47 | 49 |
| Свежо овошје | 73 | 59 | 84 |
| Месо | | | |
| Говедско и телешко | 18 | 11 | 24 |
| Свинско и прасечко | 26 | 20 | 31 |
| Овчо и јагнешко | 20 | 21 | 18 |
| Млеко — лит. | 210 | 168 | 245 |
| Јајца — ком. | 412 | 388 | 349 |

Извор: Статистички билтен 976 СЗС „Анкета о сеоским домаћинствима 1975"

Калоричната вредност на храната во просек сосема задоволува со тоа што во нејзината структура сè уште значително се застапени прехранбени прозиводи од житно потекло. Потрошувачката по член во 1975 година изнесуваше 2.664 са", со тоа што тие 64,8% потекнуваа од жито, брашно и поризводи од брашно, 6,1% од свеж и преработен зеленчук, 1,7% од свежо и преработено овошје, 6,1% од свежо и преработено месо и риба, 11,9% од маснотии, 2,7% од млеко, 1,8% од млечни производи, 0,6% од јајца и 3,2% од шеќер и мед.[12] Учеството на житата во калоричната вредност на храната во 1960 година инзесваше 77,8%,

[10] Во 1975 година едно четворочлено работничко семејство годишно трошеше 522 кгр брашно, леб и гриз, 14,4, кгр свинско месо, 30,0 кгр говедско и телешко месо, 8,4 овчо и јагнешко месо, 48 литри зејтин, 279,6 литри млеко. По член потрошувачката изнесуваше: 130 кгр леб, брашно и гриз, 3,6, кгр свинско месо, 7,5 кгр говедско и телешко месо, 2,1 кгр овчо и јагнешко и 69,9 литри млеко СГМ — 76 стр. 223.

[11] Во просек за СФРЈ, во 1975 год. годишно едно просечно селско домаќинство потрошуваше 590 кгр пшенично брашно и гриз, 207 кгр компири, 42 кгр грав, 23 кгр говедско и телешко месо, 465 кгр свинско и прасечко месо, 12 кгр овчо и јагнешко месо, 464 литри млеко и 672 парчиња јајца. Статистички билтен 976 СЗС.

[12] Во 1975 година, просечно за СФРЈ, калоричната вредност на храната се состоеше: 49,7% од жита, 9,7% од месо и риба, 6,3% од млеко, 13,4% маснотии, 3, од зелечкук, 2,8 од овошје, 9,8% од шеќер, 3,6% од компир, и од јајца 0,9% СГЈ 77, стр. 321.

а месото, рибата и месните преработки само 3,3%, што укажува на значително квалитативно подобрување на ихсраната на селското население во Републиката.

Сите изнесени податоци укажуваат дека полека, но сигурно, традиционалниот — селски начин на живеење (автархично и натурално производство за задоволување на потребите), постепено му го отстапува местото на современиот живот во селските средини. Тој процес се одвиваше со таков интензитет, што во многу реони од Републиката, речиси, се надминаа вековните разлики на спротивности меѓу градот и селото.

**Risto Kartalov**

## CHANGES IN THE WAY OF LIVING OF THE VILLAGE POPULATION IN SR MACEDONIA

(S u m m a r y)

In this article are analysed only three aspects of the problem connected with the changes in the manner of life.

The first apsect refers to the changes in the housing construction and economic building, i.e. to the question of building new farmhouses and formsteads in the village. Form the villages slowly are disappearing the houses built of mud, apartment houses with a floor made of earth, with small windows, buildings covered with strawthatched huts and cottages, open hearths, spirit-lamps, and so on, which caused bad living and working conditions in the past. Instead of them, with the increasing of the income, taking the town as an example, are building new apartment houses of firm material, outfitted with all needed installations.

By its nature, the duties for the house building paid by the households belongs to the basic investment duties, which define all the changes in the rural houseolds. Looked in time, about 60% of the whole housing fund in the village in our Republic is built for the last twenty years. It means that, a big individual creative initiative of the rural population in the past period was not socially coordinated.

The second aspect present a complex net of questions connected with the basic elements of the urbanization in the villages as territorial communities. It points out that in regard to the setting out the fundamental commu nal-infrastructural questions and the developpment of the basic rural institutions an important progress is done, although on ths plan here are many unsolved questions, a lot of efforts in developing the living conditions of the rural settlements are to be done.

The facts show that only a quarter of the whole number of the villages are in connection with the township cetres, with modern road of asphalt and cobblestones.

A great number of villages are still not in connection with the town by traffic, the problem of water suppling, urban planning and giving a physiognomy to the rural settlements is not settled down.

The third aspect in the changig of the manner of life is observed form the point of view of outfitting the rural household with constant consumable goods and the volume and structure of the personal consumption. It points out that in a village in the Socialist Republic of Maceonia an intensive process of equipping the rural households with constant consumable goods is going on, but also important changes in the volume and structure of the personal consumption at the same time.

With the changing of the quality of the confort of the apartment houses, home and residence, their outfitting with modern installation (electrical system, plumbing and severage system) the outfitting with constant consubalbe goods, the increasing of the persnal consumption and standard, as if the atributes of one pas time and the rural way of life are slowly diassppaering, which was characterised by backwardness, darkness an poverty.